С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 11 година XLIII

29 јуни 2007

112.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за не усвојување на Решение за запирање од објавување на Одлуката за измена на режимот на сообраќајот на ул.„Благој Ѓорев" и ул.„Алексо Демниевски" во Велес

Се објавува Заклучокот за не усвојување на Решението за запирање од објавување на Одлуката за измена на режимот на сообраќајот на ул.„Благој Ѓорев" и ул.„Алексо Демниевски" во Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 26.06.2007 година.

Број 0801-2905/1
29.06.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.06.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за не усвојување на Решение за запирање од објавување на Одлука за измена на Одлуката за измена на режимот на сообраќај на ул.„Благој Ѓорев" и ул.„Алексо Демниевски" во Велес

1. Советот на Општина Велес не го усвои Решението за запирање од објавување на Одлуката за измена на Одлуката за измена на режимот на сообраќај на ул.„Благој Ѓорев„ и ул.Алексо Демниевски" во Велес, донесено од Градоначалникот на Општина Велес бр.0801-2682/1 од 14.06.2007 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2867/3
26.06.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

113.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2007 година

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2007 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 26.06.2007 година.

Број 0801-2905/2
29.06.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 5, став 4, од Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр. 67/07), член 36, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр.5/02), а согласно член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес(„Сл.гласник на Општина Велес"бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 26.06.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2007 година

Член 1

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2007 година („Сл. гласник на Општина Велес"бр. 22/06), се врши измена и дополнување каде после член 16 се додава нов член кој гласи:

„Член 16 а

За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000 денари одлучува Градоначалникот".

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2867/4
26.06.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Трајко Бабунски,с.р.

114.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за не усвојување на Одлука за утврдување на Нацрт измена и дополнување на дел од Детален урбанистички план „Димитар Влахов" Б8, Б9 Б10, Б11 и Б12 - Општина Велес

Се објавува Заклучокот за не усвојување на Одлуката за утврдување на Нацрт измена и дополнување на дел од Детален урбанистички план „Димитар Влахов" Б8, Б9, Б10, Б11 и Б12 - Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 26.06.2007 година.

Број 0801-2905/3
29.06.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.06.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за неусвојување на Одлука за утврдување на Нацрт-измена и дополнување на дел од Детален урбанистички план „Димитар Влахов" Б8, Б9, Б10, Б11 и Б12 - Општина Велес

1.Советот на Општина Велес не ја усвои Одлуката за измена и дополнување на дел од Детален урбанистички план „Димитар Влахов" Б8, Б9, Б10, Б11 и Б12 - Општина Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2867/5
26.06.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

115.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт-измена и дополнување на Генералниот урбанистички план за град Велес - диспозиција на бензиски пумпи

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-измена и дополнување на Генералниот урбанистички план за град Велес - диспозиција на бензиски пумпи, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 26.06.2007 година.

Број 0801-2905/4
29.06.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 23 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.51/05) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.06.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на Нацрт - измена и дополнување на Генералниот урбанистички план за град Велес – диспозиција на бензиски станици

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес го утврдува Нацрт - измена и дополнување на Генералниот урбанистички план за град Велес – диспозиција на бензиски станици.

По утврдувањето на Нацрт - измена и дополнување на Генералниот урбанистички план за град Велес – диспозиција на бензиски станици ќе се спроведе Стручна расправа.

Член 2

Стручна расправа на Нацрт - измена и дополнување на Генералниот урбанистички план за град Велес – диспозиција на бензиски станици организира Градоначалникот во просториите на Општината.

За денот и часот на одржување на Стручната расправа, учесниците ќе бидат известени со покани.

Член 3

По спроведената Стручна расправа се изготвува Извештај за прифатените и неприфатените забелешки од страна на Стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Извештајот е составен дел на Одлуката за донесување на Предлог-планот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Велес.

Број 0701-2867/6
26.06.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Трајко Бабунски,с.р.

116.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за усвојување на Етички кодекс на локалните функционери во Република Македонија

Се објавува Одлуката за усвојување на Етички кодекс на локалните функционери во Република Македонија, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 26.06.2007 година.

Број 0801-2905/5
29.06.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр.5/02), а согласно член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес(„Сл.гласник на Општина Велес"бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 26.06.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за усвојување на Етички кодекс на локалните функционери во Република Македонија

Член 1

Со оваа Одлуката се усвојува Етичкиот кодекс на локалните функционери во Република Македонија.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2867/7
26.06.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

117.

Врз основа на член 392 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Сл.весник на Р. М.“ бр. 54/07), член 90 од Законот за јавни патишта („Сл. весник на Р.М.“ бр 26/96) и член 35 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа(„Сл.весник на Р. М.“бр. 05/02),

Советот на Општина Велес на седница одржана на 12.06.2007 година донесе,

О Д Л У К А
за измена на Одлуката за измена на режимот на сообраќајот на улица „Благој Ѓорев“ и улица „Алексо Демниевски“ во Велес

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на Одлуката за измена на режимот на сообраќајот на ул. „Благој Горев,, и ул. „Алексо Демниевски,, во Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 06/01) донесена на Седница на Советот на Општина Велес на ден 03.10.2001 година.

Член 2

Во член 2 од Одлуката за измена на режимот на сообраќајот на ул. „Благој Горев,, и ул . „Алексо Демниевски ,, во Велес во став 1 алинеја 6 после зборот „Ленинова,, се брише: (до спојот со улица „Алексо Демниевски,, и улица „Маршал Тито,,) и се впишува(до спојот со улица „Васил Ѓоргов,,).

Член 3

Во член 2 од Одлуката за измена на режимот на сообраќајот на ул. „ Благој Ѓорев,, и ул. „Алексо Демниевски,, во Велес во став 1 после алинеја 6 се додава нова алинеја 7 која гласи: (улицата „ Благој Ѓорев,, од спојот со улица „Васил Ѓоргов,, до спојот со улица „Алексо Демниевски,, и улица „ Маршал Тито,, е двонасочна .

Член 4

Измената на режимот на сообраќајот за двонасочно одвивање на сообраќајот на ул.„Благој Ѓорев“ ќе биде регулирано и утврдено со посебна хоризонтална и вертикална сигнализација, врз основа на сообраќаен проект за кој согласност дава Министерството за внатрешни работи.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува по реализирањето на сообраќајниот проект за кој согласност дава Министерството за внатрешни работи.

Број 0701-2636/3
12.06.2007 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски,с.р.

118.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Нацрт-деловник за работа на Советот на Општина Велес

Се објавува Заклучокот за усвојување на Нацрт-деловникот за работа на Советот на

Општина Велес го донесе на седницата одржана на 26.06.2007 година.

Број 0801-2905/6
29.06.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.06.2007 година донесе,

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Нацрт - деловник за работа на Советот на Општина Велес

1.Советот на Општина Велес го усвои Нацрт - деловникот за работа на Советот на Општина Велес.

2.Сите предлози од членовите на Советот за Нацрт-деловникот за работа на Советот, членовите се должни да ги достават најдоцна пет дена пред денот на одржувањето на седницата на Комисијата за статут и прописи.

3. Комисијата за статут и прописи по разгледувањето на предлозите од членовите на Советот ќе го утврди Предлог-деловникот за работа на Советот и ќе го достави на наредна седница на Советот на усвојување.

4. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2867/8
26.06.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски,с.р.

119.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 98-а, став 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр. 63/04), а согласно Јавниот оглас за именување на директор на ООУ "Св.Кирил и Методиј"- Велес,од 30.05.2007 година,

Градоначалникот на Општина Велес на ден 20.06.2007 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за избор на директор на Општинското основно училиште"Св.Кирил и Методиј"- Велес

1.За директор на Општинското основно училиште "Св.Кирил и Методиј"- Велес се избира:
- Стефанка Ценева од Велес -
дипломиран психолог

2.Директорот раководењето со Општинското основно училиште "Св.Кирил и Методиј"- Велес ќе го извршува од 01.07.2007 година, во траење од 4 (четири) години.

3.Се задолжува Училишниот одбор на Општинското основно училиште "Св.Кирил и Методиј"- Велес, да ги извести кандидатите за извршениот избор.

4.Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.07.2007 година и ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0801-2690/2
20.06.2007 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Бр на акт **Страница**

112	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за неусвојување на Решение за запирање од објавување на Одлуката за измена на режимот на сообраќајот на ул.„Благој Ѓорев" и ул.„Алексо Демниевски" во Велес**	143
	З А К Л У Ч О К за не усвојување на Решение за запирање од објавување на Одлука за измена на Одлуката за измена на режимот на сообраќај на ул.„Благој Ѓорев" и ул.„Алексо Демниевски" во Велес	
113	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2007 година**	143
	О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2007 година	
114	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за неусвојување на Одлука за утврдување на Нацрт измена и дополнување на дел од Детален урбанистички план „Димитар Влахов" Б8, Б9 Б10, Б11 и Б12 - Општина Велес**	144
	З А К Л У Ч О К за неусвојување на Одлука за утврдување на Нацрт-измена и дополнување на дел од Детален урбанистички план „Димитар Влахов" Б8, Б9, Б10, Б11 и Б12 - Општина Велес	
115	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт-измена и дополнување на Генералниот урбанистички план за град Велес - диспозиција на бензиски пумпи**	145
	О Д Л У К А за утврдување на Нацрт - измена и дополнување на Генералниот урбанистички план за град Велес – диспозиција на бензиски станици	
116	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за усвојување на Етички кодекс на локалните функционери во Република Македонија**	145
	О Д Л У К А за усвојување на Етички кодекс на локалните функционери во Република Македонија	
117	**О Д Л У К А за измена на Одлуката за измена на режимот на сообраќајот на улица „Благој Ѓорев“ и улица „Алексо Демниевски“ во Велес**	146
118	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Нацрт-деловник за работа на Советот на Општина Велес**	146

Бр на акт **Страница**

	З А К Л У Ч О К за усвојување на Нацрт - деловник за работа на Советот на Општина Велес	
119	**Р Е Ш Е Н И Е за избор на директор на Општинското основно училиште"Св.Кирил и Методиј"- Велес**	**147**

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00